**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 18 јануари 2018 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Македонија: декември 2017 година

– Поинтензивниот месечен раст на **паричната маса (монетарниот агрегат М4[1])** во декември од 4,1% е карактеристичен за овој период од годината. Притоа, евидентиран е раст на сите компоненти, со најизразен придонес на депозитните пари[2], на кои се должи повеќе од половина од месечниот раст. Споредено на годишна основа, паричната маса е зголемена за 5,3%, главно под влијание на растот на депозитните пари и долгорочните депозити, а во помал дел и на готовите пари во оптек, во услови на намалување на краткорочните депозити.

– **Вкупните депозити**, во декември забележаа месечна стапка на раст од 3,7%, при годишен раст од 5,4%. Причината за месечниот и годишниот раст главно се должи на растот кај депозитите на домаќинствата, чиешто учество во вкупниот депозитен раст изнесува 58,0% и 76,6%, соодветно.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 11.2017 | 12.2017 | 12.2016[1)] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 11.2017 | 12.2017 | 11.2017 | 12.2017 |
| **Парична маса М4** | **351,222** | **344,729** | **347,157** | **350,513** | **355,448** | **369,882** | **6.1** | **4.2** | **7.8** | **6.4** | **5.9** | **5.3** | **0.7** | **4.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 26,802 | 28,473 | 28,968 | 27,609 | 29,968 | 7.2 | 4.2 | 9.7 | 9.9 | 6.6 | 6.3 | -1.4 | 8.5 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **317,720** | **318,426** | **320,952** | **327,153** | **339,315** | **5.7** | **4.2** | **7.6** | **6.0** | **5.7** | **5.4** | **0.9** | **3.7** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 82,420 | 80,885 | 80,304 | 83,995 | 89,248 | 13.4 | 8.8 | 10.8 | 5.6 | 5.0 | 2.1 | 1.1 | 6.3 |
| Домаќинства | 217,394 | 217,554 | 219,505 | 221,570 | 223,684 | 230,744 | 2.5 | 1.8 | 6.5 | 5.6 | 5.4 | 6.1 | 0.6 | 3.2 |
| **Вкупни кредити** | **282,461** | **280,157** | **286,408** | **286,950** | **289,912** | **298,672** | **0.9** | **0.0** | **4.4** | **4.3** | **5.6** | **5.7** | **0.9** | **3.0** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 151,905 | 146,851 | 149,179 | 146,764 | 147,670 | 156,137 | -3.8 | -5.2 | 0.0 | -0.5 | 1.9 | 2.8 | 0.8 | 5.7 |
| Домаќинства | 129,321 | 132,080 | 136,034 | 138,951 | 141,023 | 141,232 | 7.0 | 6.6 | 9.5 | 9.8 | 9.7 | 9.2 | 1.0 | 0.1 |

1) Податоци согласно со завршната сметка

Извор: НБРМ.

– Во последниот месец од 2017 година, **вкупните кредити** остварија значителен месечен раст од 3,0%, кој е вообичаен за овој месец и кој речиси во целост (96,7%) се должи на зголеменото кредитирање на корпоративниот сектор. На годишно ниво, стапката на раст изнесува 5,7%, главно под влијание на растот на кредитирањето на секторот „домаќинства" (73,5% од вкупниот годишен кредитен раст).

[1] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М4 (паричната маса) покрај монетарниот агрегат М2 ги вклучува и долгорочните депозити. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

Народна банка на Република Македонија
Дирекција за статистика







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[3]




Извор: НБРМ.

– Кај вкупните **депозити на корпоративниот сектор** во декември е евидентиран висок месечен раст од 6,3%, кој најмногу произлегува од зголемувањето на денарските депозити (пред сè на депозитните пари и краткорочните депозити). Анализирано на годишна основа, стапката на депозитен раст забавува и изнесува 2,1% и е резултат на растот на денарските депозити, во услови кога девизните депозити бележат намалување.

– Вкупните **кредити на корпоративниот сектор** на месечна основа се зголемени за 5,7%, со поголем придонес во месечниот кредит раст на кредитите одобрени во денари. Годишниот кредитен раст од 2,8%, се објаснува со зголеменото кредитирање на корпоративниот сектор во денари, делумно неутрализирано со намаленото кредитирање во странска валута.

[3] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[4]




Извор: НБРМ.

- Во разгледуваниот месец, вкупните **депозити на домаќинствата** регистрираат месечно зголемување од 3,2% главно детерминирано од депозитните пари (80,8%). Споредено на годишна основа, депозитниот раст од 6,1% во поголем дел се должи на депозитните пари, при истовремен раст и кај долгорочните и краткорочните депозити. Анализирано од аспект на валутната структура, депозитите примени во денари имаат поголем придонес кон месечниот и годишниот раст (87,8% и 61,1%, соодветно).

- Кај вкупните **кредити на домаќинствата** во текот на декември бележиме минимален месечен раст од 0,1%, при годишен раст од 9,2%. Притоа, месечниот и годишниот кредитен раст кај домаќинствата главно е во форма на денарски пласмани.

[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

## Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 11.2017 | 12.2017 | 12.2016[1] | 3.2017 | 6.2017 | 9.2017 | 11.2017 | 12.2017 | 11.2017 | 12.2017 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 67,041 | 69,424 | 71,068 | 71,863 | 72,595 | 13.4 | 12.8 | 11.8 | 11.9 | 11.2 | 10.9 | 0.9 | 1.0 |
| Станбени кредити | 34,608 | 35,448 | 36,815 | 37,788 | 39,039 | 39,535 | 14.3 | 13.4 | 13.6 | 14.1 | 15.0 | 14.2 | 2.0 | 1.3 |
| Автомобилски кредити | 323 | 309 | 307 | 308 | 312 | 316 | -19.1 | -18.5 | -11.9 | -5.2 | -4.0 | -2.2 | 0.4 | 1.1 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,294 | 12,295 | 12,341 | 12,402 | 12,281 | 0.3 | 0.5 | -0.4 | -1.0 | -0.7 | -0.8 | 0.2 | -1.0 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 6,275 | 6,366 | 6,510 | 6,606 | 5,896 | 3.6 | 2.7 | 1.3 | 3.7 | 2.6 | 1.8 | -0.3 | -10.7 |
| Други кредити | 4,585 | 4,560 | 4,630 | 4,578 | 4,597 | 4,568 | 7.3 | 5.6 | 2.9 | 0.5 | 1.0 | -0.4 | 1.2 | -0.6 |

1) Податоци согласно со завршната сметка

Извор: НБРМ.

– Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, во последниот месец од годината, кај најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити** е регистриран месечен раст од 1,0% и 1,3%, соодветно, при годишен раст од 10,9% и 14,2%, соодветно. Во текот на декември, кај **автомобилските кредити** е регистрирано месечно зголемување од 1,1%, додека годишните промени се задржуваат во негативната зона на раст, конкретно за овој месец 2,2%. Кредитите одобрени на **кредитни картички** во декември, бележат надолна месечна и годишна промена од 1,0% и 0,8%, соодветно, додека кај **негативните салда на тековните сметки** на месечното ниво е забележано намалување од 10,7%, при годишен раст од 1,8%. Овој месец, кредитите одобрени врз **други основи** остварија месечно и годишно намалување од 0,6% и 0,4%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitni-institucii.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Монетарни движења во Република Македонија: 21 февруари 2018 година (референтен пресек заклучно со јануари 2018).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нѐ на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).